**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15-08-2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3732 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје-во стечај (со претходен назив Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје)

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15 август 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма преку сателит и јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, треба да биде 30 (триесет), од кои 10 (десет) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје-во стечај (со претходен назив Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје) <u>не ги исполнува минималните кадровски услови</u> утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   <u>Образложение:</u> На 15.08.2018 година, Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје-во стечај (со претходен назив Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје) ја извести Агенцијата (Известување бр.03-3507/8 дека *„Со решение Ст.бр.137/18 од 22.06.2018 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје, отворена е стечајна постапка над стечајниот должник ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје... Воедно, Ве известуваме дека сите затекнати вработени со денот на отварање на стечајната постапка, се одјавени од страна на стечајниот управник и Телевизија Нова ДООЕЛ – во стечај Скопје, во моментов нема вработени лица, туку по отворањето на стечајната постапка за потребите на стечајната постапка од страна на стечајниот управник ангажирани се две лица".*

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"* и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување

доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје-во стечај (со претходен назив Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје).

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***